

 **Боро Менков**

Боро Менков (6. V 1919 - 14. X 1941) е македонски комунистички деец и народен херој од НОБ. Бил истакнат синдикалист и раководител на штрајкот на берберските работници во Куманово во 1936 г. Во 1940 г. станал член на КПЈ, а по окупацијата на Македонија во 1941 г. бил еден од организаторите на НОБ во Куманово и командант на Карадачкиот НОПО. Загинал во судир со бугарската војска и полиција. Прогласен е за народен херој на Југославија.

Боро Илиев Менков е роден на 6 мај 1919 година во Куманово, во сиромашно семејство. По завршувањето на основното училиште немал средства да го продолжи

образованието. Почнал да работи како берберски помошник, го изучил занаетот и почнал да работи како бербер.

Како берберски работник во тогашното Кралство Југославија Боро се приклучил на работничкото движење и бил еден од организаторите на Обединетите работнички синдикати (Уједињени раднички синдикати - УРС) во Куманово. Тој бил секретар на синдикалниот огранок на берберските работници и член на меѓугранковиот одбор на УРС во градот.

Биро како истакнат синдикалист раководел со штрајкот на берберските работници во Куманово во 1936 година. Штрајкот успеал, но за Боро повеќе немало работа во Куманово. Тој се обидувал да најде работа и во Белград, но се вработил во Крагуевац. Таму работел од 1936 до 1938 година и за тоа време активно учествувал во револуционерното движење во градот.

Поради нарушено здравје, Боро се лекувал во санаториумот во Касин Дол во текот на јануари и февруари 1940 година, Истата година тој станал член на Кумунистичката партија на Југославија (КПЈ) и се вратил во Македонија. Во Скопје отворил берберница, се приклучил на синдикатот и учествувал во низа протести. Поради неговата активност полицијата повеќе пати вршела претреси во неговата берберница и го спроведувала во затвор.

Поради постојаниот прогон од полицијата, Боро го напутил Скопје и заминал за родниот град. Во Куманово отворил берберница, која набрзо станала собиралиште на прогресивните сили во градот, поради што повтрно тој бил следен од полицијата.

По Априласката војна во 1941 година и окупацијата на Македонија од страна на фашистичките сили, Боро учествувал во собирање на оружјето кое го оставила тогашната југословенска војска и во подготовките за оружено востание. Во овој период, извесно време во неговата куќа живеел Лазар Колишевски.

На почеток на воруженото востанием на 11 октомври 1941 година, Боро станал командант на Карадачкиот партизански одред. Тој тргнал со својата единица кон Карадак за да дејствува таму, но се судрил со силите на бугарскиот окупатор. По

тродневни борби со бугарската војска и полиција, Боро Менков загинал на 14 октомври 1941 година кај селото Белановце.

Боро Менков е прогласен за народен херој на Југославија на 20. Декември 1951 година.